Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден 07.11.2022. година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ УПВОУП за електричен кабел од 110 кV, од приклучна точка на постојна трафостаница ТС 110/Х КV Осломеј до проектен опфат за Осломеј 3.2 во општина Кичево, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65, став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ УПВОУП за електричен кабел од 110 кV, од приклучна точка на постојна трафостаница ТС 110/Х КV Осломеј до проектен опфат за Осломеј 3.2 во општина Кичево, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Просторот дефиниран за изработка на УПВОУП за поставување на електричен кабел зафаќа површината од 0.62 ха и е со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија. Локацијата нема конфликт со постојните и планирани комуникациски водови. Должината на кабелската траса изнесува сса 3,2 км.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 21-2715/12
Датум: 07.11.2022.
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски